*Во рамките на Еразмус програмата*

# Ученици и наставнички од ОУ“ Даме Груев“ во посета на Шпанија

Во периодот од 19 до 23 ти ноември оваа година тим од две наставнички и 4 ученици од основното училиште “Даме Груев ”-Битола ја посетија Шпанија во рамките на Еразмус + Клучна акција К229 со име на проектот ”Малцинствата во Европа” заедно со 4 партнер училишта од



Турција, Шпанија, Романија и Германија.

Тимот составен од наставничките Соња Јанкуловска и Билјана Додовска Георгиев, заедно со своите ученици Глорија Божиновска, Емилија Богоевска, Андреј Јовановски и Емилио Даниловски успешно ја претставија Македонија, но и своето училиште ”Даме Груев” и градот Битола.

Мобилноста која траеше четири дена се одвиваше во Институтот Bernat El Ferer во Молинс де Реи, град кој се наоѓа на 25 км од Барселона, каде покрај делегација од училиштето учесниците беа примени и од општината каде беше потенцирано значењето на ваквиот тип на размена и учење ,кое особено отвара нови хоризонти за учениците, наставниците но и самите училишта.

За време на престојот учениците заедно со своите наставнички учествуваа во бројни работилници, активности и посети на културни споменици и места во Шпанија, преку кои се запознаа со културата на Шпанија и останатите земји учеснички во проектот. Преку презентациите за секое училиште град и држава се разбуди нивната љубопитност за животот, начинот на изведување на настава и вонаставни активности во другите земји партнери во проектот.

Преку разговорот и работилницата со претставниците на Црвениот Крст станаа свесни за миграцијата, положбата на мигрантите, условите, потребите и очекувањата на истите. Се запознаа со работата на Црвениот Крст со мигрантите и како тие како малцинства понатаму опстојуваат.

За учениците најголем впечаток од планираните активности оставија прес конференциите каде одговараа на најразлични прашања и посетата на Ла Саграда Фамилиа каде водичите преку работилници, видеа и 3Д апликации ги доловија почетоците , историјата и значењето на секо[ј] дел на самата градба.

Она што никогаш нема да го забора[ват] секако е дружењето со околу 30 врсн[ици] од 5 земји со кои поминаа 4 дена в[о] учење, прошетки и забава за подобро д[а] го запознаат менталитетот на секој о[д] нив.

Активностите во реализација на про[ектот] продолжуваат понатаму и подгото[вки] за следната мобилност која е догов[орена] за месец април 2019 година во кој[а] земја-домаќин е Германија .

Б. Д.